Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 , 27/2016, 35/18 и 198/18 ), член 100 став 5 од Законот за здравствена заштита (,,Сл. весник на Република Македонија " бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14,43/14, 132/14, 188/14, 10/15 и 61/15), а во врска со член 18 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје, Управниот одбор на Клиниката на седницата одржана на ден __________.2019 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за внатрешна организација на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува внатрешната организација на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје, (во натамошниот текст: Клиника), видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, како и начините и формите на раководење.

**Член 2**

Работите и задачите во Клиниката се вршат во следните организациони единици:

- 6 (шест) оддели

За вршење на правни, сметководствено-финансиски, административно -стручни и општи работи во Универзитетската клиника се организираат внатрешни организациони единици согласно прописите за административни службеници и вработените во јавниот сектор:

- Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство
- Сектор за административно-правни работи и човечки ресурси

Со основните начела на внатрешната организација на Клиниката утврдена со овој Правилник се обезбедува:

- законито, стручно, ефикасно и економично вршење на работите и задачите;
-сервисна ориентираност кон пациентите во поглед на давање квалитетна здравствена заштита;
- независност и одговорност при вршењето на службените задачи;
- еднообразност на организациските единици;
- хиерархиска поставеност на организациските единици;
- меѓуодделенска координација.

**II.ОРГАНИЗАЦИЈА НА КЛИНИКАТА**

**Член 3**

Заради ефикасно вршење на работите и задачите од делокругот на Клиниката согласно видот, обемот и степенот на нивната сложеност, како и меѓусебната поврзаност и сродност, во Клиниката се формираат следните организациони единици:

1. Административен слижба
- Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство
    - Одделение за материјално-финансиско работење
- Сектор за административно-правни работи и човечки ресурси
    - Одделение за човечки ресурси

2. Даватели на услуги:
    - оддел за болничко лекување со дневна болница и здравствено воспитување на пациентите
    - оддел за акутни, ургентни состојби од областа на ендокринологијата и дијабетот
    - оддел за специјалистичко-консултативна дејност за дијабетес
    - оддел за третман со инсулински пумпи и сензори
    - оддел за специјалистичко-консултативна дејност за ендокринологија и лабораторија за ендокрини и метаболни нарушувања
    - оддел за метаболни болести на коска

3. Помошно – технички лица

**III. ДЕЛОКРУГ НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ**

**Член 4**

**АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА**

**1. Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство е надлежен за извршување на следните работи и задачи:**

- контрола на фактурите кои произлегуваат од работењето на Клиниката;
- следење на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата;
- следење на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците;
- составување, примање, ликвидирање и контрола на сметководствените исправи;
- водење евиденција, пресметување и исплата на платите навработените,
- изготвување на периодични и завршни сметки ;
- пресметување на амортизација и ревалоризација;
- усогласување на средствата и изворите на средствата на книговодствената состојба со вистинската состојба;
- изготвување информации и извештаи за движењето на средствата за работа на Клиниката;

- осигурување на материјалните средства со кои располага Клиниката
се што е погоре наведено во координација со законите од областа на сметководственото, финансиско и материјално работење
- подготовка на планот за јавни набавки на Клиниката и успешно и транспарентно спроведување на постапките за јавни набавки

**1.1. Одделение за материјално-финансиско работење е надлежно за извршување на следните работи и задачи**

- планирање, организирање, координирање и контролирање на целокупната работа на одделението и одговарност за ажурноста, квалитетот и точноста на извршените задачи и податоци во одделението
- учествување во изработување на бизнис план, изработување финансиски план на Клиниката
- подготовка за редовен и вонреден попис и учествува во изготвување на завршна сметка на Клиниката
- учествуво во изготвување периодични и годишни извештаи
- изготвување на извештаи по барање на ФЗО, министерство за здравство и други институции

**2. Сектор за административно-правни правни и човечки ресурси**
**е надлежен за извршување на следните работи и задачи:**

-следење на измени и дополнувања на закони, подзаконски акти од области кои се однесуваат на надлежностите на Клиниката
- изготвување на мислења по законите, колективниот договор, подзаконските акти и други прописи од областа на работните односи
-Правилник за внатрешна организација, Кодекс на деловно однесување на вработените, интерни процедури и други акти поврзани со управувањето
-изготвување на Правилник за ситематизација на работните места во Клиниката
-изготвување на правилници за работа (пишани процедури) во соработка со раководителите на сектори и одделенија;
- утврдување на потребата од обука и изработка на годишна програма за стручно усовршување на вработените
- спроведување напостапки за вработување со и без јавен оглас по пат на превземање и по други основи
- водење на персонална евиденција на вработените согласно законските прописи
- управувањесо лични досиеа на вработените и пристапот до личните податоци
- организирање на архивско и канцелариско работење
- изготвување на правни поднесоци доставени до Клиниката
- навремено подготвување информации и извештаи за состојбите по преставки и предлози
- изготвување информации, мислења, предлози по барање на Министерството за здравство на РМ, ФЗОМ и други институции
- евидентирање на полугодишни и годишни оценки на вработените Клиниката
- чување на доверливи информации и запазување доверливост во делот на човечки ресурси

**2.1. Одделение за човечки ресурси е надлежно за извршување на следните работи и задачи:**

- изготвување на извештаи за кадрова евиденција на вработените
- изготвување на извештаи за евиденција за редовност на вработените

- учество во изготвување на документација за конкурси за вработување
- изготвување на решенија за отсаства на вработените
- учествување во спроведување на постапки за дисциплинска одговорност
- водење на грижа за заштита на личните податоци
- учествување во изготвување на останати документи и обрасци за секаква промена во личните досиеа

**Член 5**

**Во рамки на давателите на услуги, работите и работните задачи се извршуваат во Оддели. Во Одделите се извршуваат работи и работни задачи со кои во целост се заокружува процесот за давање на здравствените услуги од областа на ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања.**

**ОДДЕЛ ЗА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ СО ДНЕВНА БОЛНИЦА И ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ**

Во рамките на овој оддел на Клиниката се спроведува:

• прием на болен се врши со медицински оправдани причини кои ги опфаќаат: медицинските прегледи, иследувања и други неопходни постапки за згрижување и лекување на пациентите според презентираната симптоматологија со цел за да се обезбеди адекватен третман и лекување на пациентот.

• приемот се врши според основната процедура за прием на пациент во болничко одделение

• се врши епидемиолошка и санитарна обработка,

• при приемот се врши тријажа и како итни се примаат лицата со следниве дијагнози: хиперосмоларна состојба, хипогликемија, тиреотоксична бура, микседематозна кома, адисонова криза. Се хоспитализираат пациенти со дијабетес и ендокрини заболувања

• се врши комплетен преглед на пациентот, се спроведуваат дијагностички процедури, лабораториска проценка, испитувања надвор од клиниката со сервисен упат

• се поставува дијагноза, се обезбедува соодветен медикаментозен третман и се препорачува третман по завршување на хоспитализацијата

• се преземаат превентивни мерки за спречување на појава на интрахоспитални инфекции и за спречување на ширење и сузбивање на интрахоспитални инфекции. Се вршат обуки/ едукација на медицински персонал за спречување на ИХИ

• здравствените, организациските, едукативните и научноистражувачките активности и клинички испитувања ги врши тим од субспецијалисти ендокринолози, доктори на медицина, медицински сестри, административни работници

• контрола на квалитетот на услугите на пациентите и на спроведување на останатите активности во одделот

• Одделот за болничко лекување со дневна болница и здравствено воспитување на пациентите овозможува изведување на едукација за специјалистички студии, учествува во обработка на специфични теми и каузистички прикази наменети за едукација на специјализантите, организира пракса на студентите

**Дневна болница**

• Постои процедура со која се утврдува редоследот и содржината на постапките на прием на пациент во дневна болница.

• Прием на болен во дневна болница се врши со медицински оправдани причини кои ги опфаќаат: медицинските прегледи, иследувања и други неопходни постапки за згрижување и лекување на пациентите според презентираната симптоматологија од областа на ендокринологијата и дијабетот. Во дневната болница се хоспитализираат пациенти кои се лекуваат со скапи лекови.
• Проценка за соодветниот третман ја обавува лекарот специјалист интернист - ендокринолог.

**Здравствено воспитување на пациентите**
• Здравственото воспитување на луѓето со дијабетес денес претставува клучна компонента и интегрален дел од третманот на дијабетесот
• Здравственото воспитување овозможува пациентите да се стекнат со знаење и да направат измени во однесувањето за да се овозможи нивно активно учество во терапијата на болеста
• Програмата за структурна едукација се состои од петдневна групна едукација на пациенти со тип 1 и тип 2 дијабетес (групи со највеќе до 10 пациенти).
• Секој ден се разгледува посебен проблем од областа на дијабетесот, правилна исхрана, компликации од дијабетот, прилагодување на терапијата, а последниот ден пациентите добиваат прашалник за валидација на знаењето стекнато за време на едукацијата, како и прашалникза проценка на квлитетот на живот.
• На Одделот за хоспитални болни се изведува и индивидуално здравствено воспитување, кое се изведува со пациентите во зависност од нивните моментални потреби (едукација за исхрана, физичка активност, апликација и дозирање на инсулинската терапија, грижа за стапалата и слично).
• Здравственото воспитување им овозможува на пациентите подобро се справуваат со сите предизвици кои ги носи едно хронично заболување, сите акутни компликации и хоспитализации ги прави поретки, а секако придонесува за одлагање на хроничните компликации и конечно ги намалува трошоците на здравствениот систем за лекување на компликациите.

Со одделот за болничко лекување со дневна болница и здравствено воспитување на пациентите раководи раководител на оддел.

**Член 6**

**ОДДЕЛ ЗА АКУТНИ, УРГЕНТНИ СОСТОЈБИ ОД ОБЛАСТА НА ЕНДОКРИНОЛОГИЈАТА И ДИЈАБЕТОТ**

Во рамките на овој оддел на Клиниката се спроведува:

• Се прифаќаат пациенти над 14 годишна возраст.
• Се хоспитализираат:
-ургентни акутни состојби од дијабетес (кетоацитоза, кома, хипогликемија, хиперосмоларна состојба),
-хронични тешки компликации од дијабетес (нефропатии, гангрени, уро инфекции, пнеумонии...)

-сите ендокринолошки тешки и комплицирани состојби (адренални кризи, хипопитуитаризам...).

• Се врши дијагностика и третман на наброените ургентни акутни состојби, хронични компликации од дијабетесот и сите ендокрини тешки и комплицирани состојби.

• Во одделот се работи според направените протоколи за водење на акутни, ургентни болни.

• За пациентите кои се хоспитализирани на одделот се води детална евиденција.

• За обавување на својата дејност од опремата одделот располага со монитор, еден дефибрилатор, еден аспиратор, два дрегери за довод на кислород, еден инфузомат и УВ лампа.

• За обезбедување на сигурност на медицинскиот персонал се користат ракавици за една употреба, соодветни дезинфекциони средства и редовно се земаат брисеви од работните површини и креветите за спречување на интрахоспитални инфекции.

• На одделот се обавува и медицинска едукација во склоп на специјалистичките студии на МФ-УКИМ, на студенти во склоп на повеќе студиски програми на МФ-УКИМ како и практична обука на ученици од средно медицинско училиште.

Со одделот за акутни, ургентни состојби од областа на ендокринологијата и дијабетот раководи раководител на оддел.

**Член 7**

**ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНА ДЕЈНОСТ ЗА ДИЈАБЕТЕС**

Во рамките на овој оддел на Клиниката се спроведува:

• превенција на дијабетесот и неговите компликации

• дијагноза и третман на возрасни пациенти со дијабетес тип 1, тип 2 и други форми на дијабетес

• лекување на коморбидитети и едукација и спречување на делување на ризик фактори – надхранетост и дебелина, стрес, нездрав начин на исхрана и недостиг на физичка активност

• обезбедува највисоки стандарди за грижа на дијабетесот, откривање и интервенирање во прогресијата на дијабетесот и третманот

• како врвна национална установа овозможува највисоки стандарди во третманот и едукацијата за дијабетес мелитус на пациентите со дијабетес

• третман на кардиоваскуларни ризик факори

• спречување, навремено откривање и лекување на кардиоваскуларните компликации

• скрининг, превенција и третман на дијабетични микроваскуларни и макроваскуларни компликации

• утврдување на постоењето на дебелината, диференцирање на типот на дебелина, превенција и третман на дебелината кај болните со дијабетес

• Фармаколошки третман на дијабетесот со најсовремена терапија

• Третман на дијабетесот во тек на бременост и гестациски дијабет и ретки и атипични форми на дијабетес

• подигнување на општествената свест за сериозноста на оваа состојба и нејзините импликации врз здравството и општеството во целина
• обезбедува превенција, рана детекција и подобрување на квалитетот на грижата и животот на пациентите со дијабетес мелитус
• следење и контрола на резултатите од спроведените активноси
• одредува влијание на спроведените активности врз подобрувањето на квалитетот на животот на пациентите, намалување на бројот и тежината на компликациите, опсегот на трошоци врзани со лекување на истите и генералната општа состојба.
• едукативни активности, континуирана медицинска едукација за медицински лица: доктори, медицински сестри, фармацевти, фармацевтски техничари и др.
• воспоставува клинички протоколи, клинички упатства за скрининг, дијагноза и третман на дијабетот, нивна доследна имплементација
• научноистражувачка дејност од областа на дијабетесот и ендокринологијата
• контрола на квалитетот на услугите на пациентите и на спроведување на останатите активности во одделот
• здравствените, организациските, едукативните и научноистражувачките активности и клинички испитувања ги врши тим од субспецијалисти ендокринолози, доктори на медицина, медицински сестри, административни работници

• **Спречување, откривање и лекување на очни компликации** кај амбулантски и хоспитализирани пациенти со дијабет и ендокрини болести
• скрининг на дијабетична ретинопатија, третман и следење на третманот
• преглед на визус, фундус, очен притисок и диоптер
• преглед на пациенти со заболување на тироидната жлезда и нивно лекување (амбулантски и болнички)
• преглед на преден сегмент и употреба на Hertel
• преглед на пациенти со заболувања на хипофизата
• толкување на видно поле и следење со контрола на fundus oculi.

• **Превенција, дијагноза и третман на дијабетично стапало**, превенција на улцерација и ампутација на стапало
• превенција на улцерации на стапало во предулцеративна фаза, и формирање и спроведување на програма ПОДИС за грижа на дијабетично стапало во предулцеративна фаза
- одредување на скорови за ризик од улцерација кај лица со ДМ тип 2 и тип 1
- одредување на застапеност на ризик факторите кои се сигнификантни за настанување улцерација кај лица со дијабет
• спроведување на дијагностички процедури, клинички инвестигации, консултации и следење на пациенти со синдром на дијабетично стапало
• дијагностички тестирања за утврдување на степенот на компликации (невропатија, периферна артериска болест, деформитети, кожни промени и соодветност на обувки), и на другите причинители кои допринесуваат во развој на макро и микроваскуларните компликации
• Базични испитувања при евалуација на дијабетично стапаловклучуваат:
Лабораториски тестови за проценка на метаболна контрола на лицата со дијабетес и присуство на коморбидитети кои влијаат на прогресијата на дијабетичното стапало:
- деформитети или коскени проминенции (неадекватно притискање, калуси, ограничено движење во зглобот, претходна улцерација, ампутација, дисколорација на кожа)

- Интактност на кожа (улцерација)
- Сензитивност (невропатија) - не чувствување на монофиламент, звучна вилушка, биотезиометар.
- Пулсации на стапало ( a.tibialis post и a dorsalis pedis не се палпира, PBI<0.9). Проценка на периферната циркулација на долните екстремитети со Доплер и ASPI.
- Соодветност на обувки

• мултидисциплинарен пристап кон пациентите со дијабетично стапало на клиниката во соработка со други клиники: Клиника за Рентген дијагностика, Васкуларна хирургија, Пластична хирургија, Кардиологија, Институт за нуклеарна медицина и Институт за микробиологија.

• едукација на пациентите за соодветни обувки, нега на стапало, совети за навремено јавување на лекар при секоја мала промена (раничка на стапало)

• работата ја обавува специјалист интернист/ендокринолог и обучена сестра за дијабетично стапало

• работните активности се одвиваат во посебна просторија за преглед на стапало како и за едукација на пациентите, студентите, специјализантите по семејна медицина, интерна медицина/ ендокринологија

• активна и водечка улога во подигнување на јавната свест и едуцираност преку годишни конференции за дијабетично стапало наменета за лекари од општа пракса како и специјалисти интернисти/дијабетолози. Изготвување на промотивен материјал за пациенти.

Со одделот за специјалистичко-консултативна дејност за дијабетес раководи раководител на оддел.

**Член 8**

**ОДДЕЛ ЗА ТРЕТМАН СО ИНСУЛИНСКИ ПУМПИ И СЕНЗОРИ**

Во рамките на овој оддел на Клиниката се спроведува:

- нуди услуги на пациенти со тип 1 дијабетес, кај кои стандардните терапии не можат да постигнат задоволителна метаболна контрола.
- Врши селекција на пациентите со дијабетес соодветни за инсулинска пумпа врз основа на утврдени индикации за овој вид на третман: неадекватна гликемиска контрола, Dawn феномен (утрински гликемии над 10 mmol/l), сигнификантни варијации на гликемијата во текот на денот, флексибилност на начин на живот, бременост или планирање на бременост.
- врши поставување, контрола и евалуација на сите достапни системи за континуирано мерење на гликемијата , според видот на терапија, во времетраење од 7 до 14 дена
- врши селекција на пациенти за поставување на инсулинска пумпа со сензор, која претставува комбинирана терапија на инсулинска испорака и континуирано мерење на гликемијата особено погодна за пациенти склони кон непрепознаени хипогликемии
- нуди континуирана едукација за исхрана, менаџирање на дијабетесот за време на физичка активност, самоконтрола или континуирано мерење на гликемијата и инсулинска терапија

- нуди едукација, советување и поддршка на членови на семејствата на пациентите.
- со помош на обучен и сертифициран кадар (тим) за водење на пациенти со инсулинска пумпа, во посебни простории лоцирани во Одделот за специјалистичко-консултативна дејност за дијабетес се вршат редовни прегледи на оваа популациона група, додека во специјализирана просторија во Одделот за болничко лекување се врши едукација, реедукација на пациентите и водење на специфични пациенти со нестабилен дијабетес.
- нуди посебна програма и единствен пристап во згрижување на пациентите на инсулинска пумпа, со редовни контроли на 3 месеци и вонредни контроли во пократки временски периоди, според процена на стручниот тим, со што се обезбедува подобра контрола кај осетлива група на  млади пациенти-адолесценти.
- врши евалуација на контролата и придржувањето на пациентот кон препораките со интермитентно поставување на сензор за гликемија.
- користи најсовремени техники на комуникација со пациентите (користење на социјални мрежи) и посебен интернет софтвер со кој пациентот може да ги прикачи податоците од пумпата и да му овозможи на докторот анализа и следење без физичко присуство на пациентот на клиниката.
- Нуди 24 часовна поддршка од тимот со што се овозможува навремено дејствување (најчесто телефонски) при проблеми со раководење со уредот или при состојби на болест.
- Со сето наведено се овозможува подобрување на целокупната метаболна контрола, спречување и одложување на компликациите, намалување на бројот на посети кај лекар, намалување на хоспитализациите, намалување на потребите за инсулин и подобрување на квалитетот на живот.

Со одделот за третман со инсулински пумпи и сензори раководи раководител на оддел.

**Член 9**

**ОДДЕЛ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНА ДЕЈНОСТ ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА И ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ЕНДОКРИНИ И МЕТАБОЛНИ НАРУШУВАЊА**

Во рамките на овој оддел на Клиниката се спроведува:

• На одделот се лекуваат пациенти над 14 годишна возраст.
• на одделот се врши превенција на ендокрини болести и нивни компликации, лекување на коморбидитети и едукација и спречување на делување на ризик фактори – надхранетост и дебелина, стрес, нездрав начин на исхрана и недостиг на физичка активност
• Се овозможува терапија и третман на ендокрини болести: хипофизни ендокрини болести, надубрежни, тироидни,  гонадни, метаболен синдром и други
• подигнување на општествената свест за сериозноста на ендокрините болести  и нивните импликации врз здравството и општеството во целина
• обезбедува превенција, рана детекција и подобрување на квалитетот на грижата и животот на пациентите со ендокрини болести
• следење и контрола на резултатите од спроведените активности

• одредува влијание на спроведените активности врз подобрувањето на квалитетот на животот на пациентите, намалување на бројот и тежината на компликациите, опсегот на трошоци врзани со лекување на истите и генералната општа состојба.
• едукативни активности, континуирана медицинска едукација за медицински лица: доктори, медицински сестри, фармацевти, фармацевтски техничари и др.
• воспоставува клинички протоколи, клинички упатства за скрининг, дијагноза и третман на ендокрините болести, нивна доследна имплементација
• научноистражувачка дејност од областа на ендокринологијата
• контрола на квалитетот на услугите на пациентите и на спроведување на останатите активности во одделот
• здравствените, организациските, едукативните и научноистражувачките активности ги врши тим од субспецијалисти ендокринолози, доктори на медицина, медицински сестри, административни работници
• Оддел за специјалистичко-консултативна дејност за ендокринологија и лабораторија за ендокрини и метаболни нарушувања овозможува изведување на едукација за специјалистички студии, учествува во обработка на специфични теми и каузистички прикази наменети за едукација на специјализантите, организира пракса на студентите
• Во одделот е овозможена самостална истражувачка работа, изработка на презентации, научни трудови, проекти.

• **Утврдување на постоењето на дебелината**, диференцирање на типот на дебелина, превенција, лекување на дебелината како болест која доведува до развој на голем број на компликации од сите органи и системи
• Детална анамнеза и физикален преглед
• Одредување на телесна тежина и висина и индексот на телесна маса ИТМ (body mass index-BMI)
• Антропометриска проценка на телесната дистрибуција а при потреба и дензитометриска (dual energy x-ray absorptiometry-DXA) проценка на типот на телесна дистрибуција
• Одредување на метаболни биохемиски и хормонски параметри на дебелината. Проценка на ризикот од развој на дијабет, кардиоваскуларни и цереброваскуларни компликации и останати компликации и коморбидитети
• Проценка на нутритивен статус и едукација во врска со хигиенодиететски режим, правилна исхрана и физичка активност
• Третман на дебелината со засега постоечките стратегии за лекување на дебелината
• Едукација на пациентите и персоналот во врска со етиологијата на дебелината, клиничка слика, дијагностика, стил на живеење и промена на стилот на живеење во тераписките цели
• Користење на процедури во врска со дијагностика на дебелината.
• Научноистражувачка дејност за дебелината и другите ендокрини болести

• **Нарушувања на тироидната жлезда**
• популациона група која се лекува во овој оддел се пациенти од двата пола над 14 годишна возраст,
• се превенираат, откриваат, дијагностицираат и лекуваат болести на тироидејата: хипотироидизам, хипертироидизам, воспаленија на тироидната жлезда, цисти, јазли, туморозни формации
• дијагностицирање на сите аспекти на тироидната болест, рана дијагноза како и следење на ефектите на дадената терапија.

• рана дијагностика на тироидни нодули, нивно дијагностицирање и планирање на тенкоиглена биопсија на истите
• ултразвучна дијагностика на тироидните нодуси и на сите тироидни болести и навремени контроли според соодветната процедура
• тенкоиглена биопсија со пратена со ултразвук на тироидната жлезда
• лабораториски тестови кои се користат при евалуација на тироидната жлезда се: TSH (тиреостимулирачки хормон), fT4 (слободен тироксин), fT3 (слободен три јод тиронин), antiTPO (анти тироид пероксидаза антитела), antiTG (анти тиреоглобулински антитела).

• **Машка репродуктивна ендокринологија**
• се работи на препознавање, дијагноза и терапија на машка инфертилност, машки хипогонадизам, андропауза и севкупно машко здравје.
• се врши дијагностичка базална хормонска проценка, хормонски тестови за андролошки нарушувања, спермограм.

• **Женска репродуктивна ендокринологија**
• се обезбедува оптимален, адекватен, сеопфатен и индивидуализиран пристап кон жените со ендокринолошки репродуктивни проблеми, особено кон пациентките со гестациски дијабет
• максимизирање на фертилниот потенцијал на жените во репродуктивниот период преку модерен пристап во дијагнозата и терапијата на ендокринолошките репродуктивни проблеми
• спроведување на дијагностички процедури, клинички инвестигации, базични и динамски ендокринолошки хормонски тестирања, консултации и следење на пациентките со ендокринолошки репродуктивни проблеми. Исто така спроведување на протоколи за амбулантско дијагностицирање на репродуктивните нарушувања, како и протоколи за следење на пациентките
• мултидисциплинарна амбулантска консултација за пациентки со гестациски дијабет (едукација за диета, самоконтрола, инсулински инјекции, совети за дијабетесот во бременоста и следење по породување, мултидисциплинарни консултации со обстетричар, гинеколог и сестра акушерка.
• Опсегот на работа опфаќа дијагноза и следење на: аменореја примарна и секундарна, абнормални утерини крварења, неуроендокрини дисфункции (хипогонадизам), хипоталамо-питуитарно оваријални дисфункции, хиперандрогенизам кај жени, менопауза и хормонска заместителна терапија, инфертилност. Посебно поле на интерес се полицистичниот оваријален синдром (PCOS) и прематурна оваријална инсуфициенција.
• Проценка на кардиоваскуларните ризик фактори на жени по 40 година дополнително на хормонската проценка.

• **Лабораторија за ендокрини и метаболни нарушувања**
• Лабораторијата обезбедува изработка на хормонски анализи како и биохемиски анализи неопходни во дијагностиката на ендокрините болни но исто така и болните од Одделот за специјалистичко-консултативна дејност за дијабетес и од Одделот за хоспитални болни.

Со одделот за специјалистичко-консултативна дејност за ендокринологија и лабораторија за ендокрини и метаболни нарушувања раководи раководител на оддел.

**Член 10**

**ОДДЕЛ ЗА МЕТАБОЛНИ БОЛЕСТИ НА КОСКА**

Во рамките на овој оддел на Клиниката се спроведува:

• испитување и лекување на пери и постменопаузни жени, прерана менопауза, мажи во андропауза, пациенти над 14 години со сомнение за нарушен метаболизам на коска, јатрогено предизвикана остеопороза со оперативен зафат, зрачење или употреба на цитостатици, кортикотерапија, антиагрегациона и антипсихотична терапија
• Одделот овозможува рана дијагноза и лекување на постменопаузалната остеопенија и остеопороза, како и остеопорозата при хипер и хипопаратироидизмот и други болести на коскениот метабоил и ги следи ефектите од дадената терапија
• Одделот ги следи ризичните пациенти со остеопенија, обезбедува превенција на развој на остеопороза
• Оделот обезбедува превенција на настанок на фрактура – најсериозна компликација на остеопорозата
• Во дијагностички цели одделот обезбедува биохемиска и хормонска дијагноза на болестите на коската како остеопенијата, остеопорозата, хиперпаратироизмот и други болести на коскениот метаболизам, со проценка на коскените маркери за остеопороза, витамин Д и електролити
• обезбедува дензитометриска проценка, дијагностика на метаболните болести на коската со DXA (dual energy x-ray absorptiometry) – абсорпциометрија со двојни X зраци.
• врши едукација на пациентите со остеопенија, остеопороза, хипо и хиперпаратиродизам и други болести на коскениот метаболизам, укажува на промена на начин на живот, правилна исхрана, физичка активност и друго
• врши калибрирање на опремата
• работење со апаратурата според процедура за работа со DXA и апарати за биохемиска и хормонска проценка
• овозможува одржување на опремата: дигитална вага, DXA апарат, апаратурата за одредување на хормонски и биохемиски анализи и ултразвучен апарат откако ќе се набави нов, поради дефект на постоечкиот.
• сервисирање на опремата еднаш годишно и дополнително по потреба
• обезбедува безбедност на медицинскиот персонал и пациентите при работењето со DXA апартот и услови за постигнување на истото.

Со одделот за метаболни болести на коска раководи раководител на оддел.

**Член 11**

**Помошно техничките лица се надлежни за извршување на следните работи и задачи**

-оддржување на хигиената на работните простории, ходниците, санитарните и помошните простории, врати и прозорци
-одржување на хигиена на се што се наоѓа во болнички соби
-собирање и транспорт на отпадоците од Клиниката на определено место за тоа
- собирање и транспортирање на медицинските отпадоци согласно усвоена процедура

-грижа за опремата која се користи во работата
- транспортирање на пациенти во и надвор од Клиниката
-транспортирање на потрошен материјал
--спроведување санитарна обработка на пациентите
-грижа за уредноста на пациентите
-грижа за уредност на болничките соби
-грижа за хигиената на помошните садови за физиолошки потреби на пациентите

---

**IV.РАКОВОДЕЊЕ СО КЛИНИКАТА**

**Член 12**

Со работата на Клиниката раководи Директор.

**Член 13**

Со одделите и секторите во Клиниката раководат раководител на оддел и раководител на сектор.
Во случај на отсуство или спреченост за работа на раководителите, со одделите и секторите времено раководи лице од редот на вработените со највисоко звање во одделот или секторот, односно лице именувано од страна на директорот на Клиниката.

**V. СТРУЧЕН КОЛЕГИУМ НА КЛИНИКАТА**

**Член 14**

Клиниката има Стручен колегиум кој е стручен орган на Клиниката.
Стручниот колегиум го сочинуваат:
- Директор
- Раководители на оддели
- Главна медицинска сестра

Во работата на Стручниот колегиум, кога се расправа за работи кои се однесуваат на вршењето на немедицинската дејност, можат да учествуваат и други лица вработени во Клиниката кои ги одредува директорот.

**Член 15**

Стручниот колегиум ги врши следните работи:
- се грижи за стручната работа на Клиниката
- одлучува за стручни прашања во рамките на овластувањата утврдени со закон, колективен договор, овој статут и другите општи акти на Клиниката
- дава мислење на Програмата за работа
- дава мислење и предлози на директорот во поглед на организацијата на работата од аспект на вршењето на стручната работа и условите за работа и развој на дејноста
- утврдува потреба за упатување на специјализација, субспецијализација и стручно усовршување - едукација на високостручни работници доколку со закон не е поинаку уредено
- ги предлага на директорот потребите за набавка на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал кои се потребни за вршење на здравствената дејност на Клиниката согласно со програмата за работа
- го разгледува предлог статутот и предлозите на другите општи акти

- донесува Деловник за работа
- изготвува предлог на годишна програма за следење и унапредување на квалитетот на работата на Клиниката и истата ја доставува до управниот одбор на усвојување најдоцна до 30 ноември во тековната за наредната година
- изготвува мислење врз основа на анализа на медицинската документација за причините на смртта на секој пациент кој умрел во Клиникатаи
- врши и други работи утврдени со закон, статут и општите акти.

**Член 16**

Стручниот колегиум работи на седници кои ги свикува директорот или по барање на некој од членовите на стручниот колегиум на Клиниката.
Начинот на работата на стручниот колегиум се уредува со Деловник за работа.

**Член 17**

За извршување на одделни посложени работи и задачи, за обработка на одделни прашања, за извршување на работи кои опфаќаат повеќе области, за извршување на одделни задолженија и обврски од работата и во работата, како и за други случаи, директорот може да формира комисии, работни групи, и други работни тела. Решенијата за формирање на комисии, работни групи, и други работни тела ги донесува директорот.

**Член 19**

Вработените во Клиниката се должни да чуваат службена тајна (посебно податоците во врска со здравствената состојба на пациент, до кои вработените при обавувањето на својата работа можат да дојдат) на начини под услови утврдени со закон и со друг пропис.

**VI.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 19**

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и во постапка како и при неговото донесување.

**Член 20**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за организација и систематизација на работните места на Клиниката со бр.0202-671 од 21.06.2014 година.

**Член 21**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

претседател на Управен одбор
асс.д-р Ирфан Ахмети

____________________________________